
БИЛТЕН

БРОЈ 19/26



07.10.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т
за избор на асистент
од наставно-научната област„Финансии“
(5.02.00.07 – Фраскатиева класификација)
на Факултетот за информатика во состав на
Европски универзитет Скопје

Врз основа на објавениот Конкурс во дневниот весник „Вечер“ од 23.09.2026 година, за избор на соработничко звање асистент: „Финансии“ (5.02.00.07 – Фраскатиева класификација), а согласно член 114 став 4 точка 7 и член 182 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Европски универзитет Скопје, донесена на 303-та седница одржана на 30.09.2026 година, распишан е конкурс за избор на еден асистент во сите насловни звања од наставно-научната област „Финансии“.

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски универзитет Скопје донесе Одлука за формирање Рецензенска комисија во состав:

1. Проф. д-р Александра Станковска – претседател;
2. Доц . д-р Мики Рунтев – член;
3. Проф. д-р Зоран Ивановски – член.

По направената анализа на доставените документи Рецензенската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов рецензенски:

И З В Е Ш Т А Ј

Во предвидениот рок на конкурсот се пријавил само кандидатот м-р Станимир Трпески.

Кандидатот доставил Пријава бр. 03-676/1 од 25.09.2026 година и ги приложил следниве документи:

- Професионална биографија – CV;
- Диплома за стекнат степен/назив доктор на науки од соодветната област;
- Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите;
- Доказ за познавање на странски јазик;
- Извод од матична книга на родени;
- Уверение за државјанство и
- дополнителни научни и стручни трудови.

Врз основ на доставената документација Рецензенската комисија го констатира следното:

1. Биографски податоци

Станимир Трпески е роден на 13.11.2001 година во Гостивар, Република Северна Македонија.

Основното училиште го завршил во ОУ. Врапчиште а средното образование го продолжува во гимназијата СОУ. Гостивар во Гостивар

Додипломските студии ги завршил на Универзитетот Скопје, на насоката Финансии, банкарство и осигурување, со просечен успех 8,30, при што се стекнал со звањето дипломиран економист.

Своето образование го продолжил на магистерски студии на Универзитетот Скопје, на насоката Финансии. Магистерските студии ги завршил со просечен успех 10,00 и се стекнал со звањето магистер по економија. Магистерскиот труд е насловен: „Планирање и евалуација на економските показатели во функција на одржливост на секундарното здравство".

Образованието го продолжува со запишување на докторски студии на University for Peace established by the United Nations, European Center for Peace and Development (ECPD) , Headquarters - Terazije 41,Белград, Србија на насока: Здравствен менаџмент, каде тековно е во втората година од студиите.

Врз основа на горе наведеното се потврдува академската способноста на кандидатот за изведување нанаставно-научна дејност.

2. Научно-истражувачка дејност

Научно-истражувачката работа на м-р. Станимир Трпески се одликува со континуитет и тематска застапеност на прашања од областа на финансии, финансиски менаџмент и статистика

Од приложениот список на објавени научни и стручни трудови се констатира дека кандидатот има објавено трудови и публикации кои по содржина, обем и вид се релевантни за наставно-научната област „Финансии" и соодветни на звањето за кое се врши изборот.

Како посебно релевантни и соодветни за избор во наставно научната област се издвојуваат следниве научни трудови и публикации,публикувани во последните пет години:

1. Stojmenović, G., Trpeski, P., & Trpeski, S. (2026). Big data analysis: A prerequisite for quality management decisions and economic development. In *Book of Abstracts: The Fifth International Scientific and Professional Conference BELECON* (p. 97). Belgrade Business and Arts Academy of Applied Studies. ISBN 978-86-7169-668-5
2. Trpeski, P., Šmelcerović, M., Runtev, M., Trajkovski, A., & Trpeski, S. (2026). *Integrated management and financing of environmental projects: Implications for sustainable economic development.* In *Proceedings of the Third National Conference with International Participation on Renewable Energy Sources and Sustainable Development* (pp. 261–271). Faculty of Applied Sciences Niš. ISBN 978-86-81190-41-8.

3. Trpeski, P., Trpeski, S., Korunovska, V., Stojmenović, G., & Smelcerović, M. (2025). Management of medical statistics as a tool for cost reduction in the health system of the Republic of North Macedonia. Knowledge International Journal, 73(1), 193–196.
4. Korunovska, V., Stojmenović, G., Trpeski, P., & Trpeski, S. (2025). From research to action: How market analysis shapes business. Knowledge International Journal, 69(1).
5. Trpeski, P., Trpeski, S., Stamevska, E., Runtev, M., & Trajkovski, A. (2025). International financial challenges in consumption as a factor for entrepreneurship development in the Republic of North Macedonia. IDEA International Journal of Science and Arts, 9(18), 15–25. UDC: 334.722:339.72(497.7); 334.722:338.5(497.7); 334.722(497.7:4-672EU).
6. Trpeski, P., Runtev, M., Trajkovski, A., & Trpeski, S. (2025). Integrated management and financing of environmental projects: Implications for sustainable economic development. In Proceedings of the Third National Conference with International Participation on Renewable Energy Sources and Sustainable Development. Faculty of Applied Sciences, Niš. ISBN 978-86-81190-41-9.

Останати трудови и публикации:

1. Radmanovik, N., Todorovska-Ivkovik, M., Lazova, T., Trpeski, S., Lazov, N., & Kungulovski, D. (2024). Biodegradation of Hexachlorocyclohexane (HCH) by bacterial and fungal consortia in semi-controlled soil and slurry models. XIII Congress of Microbiologists of Serbia – MIKROMED REGIO 5, Belgrade, Serbia, 4–6 April 2024.
2. Angelovska, D., Usta Petrova, E., Brsakoska, M., Trpeski, S., Radmanovik, N., Kostandinovska, S., Kungulovski, D., & Atanasova-Pancevska, N. (2024). The Number of Physiological Groups of Microorganisms as an Indicator of the Ecological Status along the Mount Baba Altitude Gradient. XIV Congress of Microbiologists of Serbia – MIKROMED REGIO 5, Belgrade, Serbia, 4–6 April 2024.

Овие активности говорат за поврзаноста на академската наставно-научната работа на кандидатот со практиката, како и за негов придонес во развојот на академски, образовни, научни и стручни иницијативи.

Врз основ на извршениот увид во доставената документација, Рецензенската комисија констатира дека м-р. Станимир Трпески:

- има стекнато научен степен доктор на науки во областа на финансии;
- има објавено научни трудови и публикации соодветни по обем, вид и тематска релевантност на звањето за кое се врши изборот;
- покажува способност за изведување високообразовна дејност;
- поседува значајно академско, научно и стручно искуство релевантно за изборот.
-

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно направената анализа на биографијата, образованието, професионалниот развој, наставната дејност, научно-истражувачките резултати, како и академските активности на кандидатот, м-р. Станимир Трпески, Рецензенската комисија оценува дека кандидатот ги исполнува условите утврдени во Конкурсот и за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научната област: „Финансии“ (5.02.00.07 – Фраскатиева класификација).

Имајќи ги предвид постигнатите резултати во наставната,академската, научно-истражувачката и стручната дејност, Рецензската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за Информатика во состав на Европски универзитет Скопје да го избере:

М-р Станими Трпески за соработничко звање АСИСТЕНТ од наставно-научната област Финансии (5.02.00.07 – Фраскатиева класификација).

Скопје, 07.10.2026 година

РЕЦЕНЗЕНСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Александра Станковска – претседател

Доц. д-р Мики Рунтев – член

Проф. д-р Зоран Ивановски – член